

Владимир Георгиевски
Vladimir Georgievski

# ECCE HOMO



Приказната што ќе ви ја раскажам започнува во време кога времето сé уште не постоеше. На почетокот од деновите владееше темнината. Бог ги створи небото и земјата, но земјата беше пуста и насекаде беше само вода а над мрачните води, во тишината, пловеше Божјиот Дух. Тогаштој рече: *Нека биде светлина*! И светлината се појави на небото а Бог виде дека тоа е добро, па светлината ја нарече ден а темнината ноќ. Ги собра водите на едно место и ги нарече море а она што остана копно, и заповеда да изникнат билки, треви и дрвја а над нив ги постави да кружат сонцето, месечината и ѕвездите. Потоа ги создаде рибите, влекачите, ѕверовите, инсектите, птиците и ги насели водите, земјата и воздухот со нив. Ги изми рацете од боите со кои го наслика овој пејзаж а над водата се појави божилак. Го погледна тогаш Бог со задоволство светот, но немаше со кого да ја сподели радоста од сопственото дело на кое што беше толку горд!

Беа доволни малку прав, пот и една тешка воздишка, и под вештите раце на Создателот, се појави неговиот жив одраз. Така беше создаден првиот човек, а беше шести ден од создавањето на светот и Бог погледна во сé што направил и виде дека беше многу добро. Тој веќе нема да биде осамен!

Кога Бог се одмори од напорите на создавањето, прошета низ својата градина и виде дека не е добро човекот да биде сам, па кога тој заспа, му ги отвори градите, скрши едно ребро и од него ја создаде жената.

Еден човек и една жена во градината наречена Едем, заедно ги очекуваа пладневните прошетки на Богот кој толку многу сакаше да разговара со некого и да раскажува приказни за чудни и непознати нешта. Но, кога Бог еднашпрошета низ градината и не виде никого, викна: *Каде си Адаме*? А Адам му одговори: *Го слушнав твојот глас во градината па се исплашив зошто сум гол и се скрив*. Бог сфати дека тие ги вкусиле плодовите од дрвото на сознанието, ги проколна и ги избрка од својата градина. И уште рече: *Во потта на своето лице ќе го јадеш својот леб, сé додека не сé вратишво земјата од која си создаден; зашто си прав, прав ќе бидеш!*

Оттогаш, па до денес, патуваат луѓето по праливи патишта, по јаловата божја замја, низ пустините на својот живот, преку морињa и планини, под мрачното небо, под небото на кое трепери само една далечна ѕвезда, патуваат во потрага по Вистината, Добрината и Убавината. Патуваат кон тенката линија светлина на хоризонтот која пред нив постојано се оддалечува. Се раѓаат, љубат, страдаат и умираат во правта на овој бескраен пат. Од Едем, од Акад, од Елам, од Сумер, од Вавилон, тие патуваат натоварени со бусоли, компаси, астролаби, шестари, глобуси, мапи, возни редови, астрономски карти, патуваат барајќи го патот што води кон изгубените градини на Едем каде меѓу дрвјата што даваат добар плод растат дрвото на сознанието и дрвото на вечниот живот и нивниот пат е тежок, полн со скриени опасности а за нивните срца се борат ангелите и демоните. Долг е овој пат и нивните чевли веќе се скинати, а нозете и рацете им се крвави!

Многумина веруваат дека оваа приказна започнува пред две илјади години, во малото гратче наречено Витлеем, каде беше родено дете под ѕвездата што сјаеше на мрачното небо. Подоцна, во Назарет, ова момче учеше како се создава привидот на нештата. Вредно делкајќи, наведнато над столарската тезга, учеше од својот татко како да создаде дрвена столица или некои други корисни и едноставни нешта за кои еден елински филозоф вели дека се само сенки во светската ноќ. Како и овој филозоф, момчето се посомнева во вистинитоста на светот. Еден ден, како и сите други, тоа неочекувано реши да го напушти овој свет на сенките, свет на привидот и одразите кои се умножуваат во бесконечност, и замина засекогаш од својот дом во потрага по вистината.

Многу години подоцна, еден осамен човек јаваше на своето магаре низ пустината додека нозете му се влечеа по песокта, по оној ист жолт песок на кој тој еднаш, седејќи крај морето, напиша неколку збора кои засекогашги избриша ветрот!

Овој човек доаѓаше оддалеку и пред него беше град, можеби Ерусалим, чии златни куполи блескаа под сонцето што заоѓаше. Толпата која што го пречека го помнеше само неговиот глас, глас што сé уште одекнува во пустината, осамен глас од планинските врвови кој патуваше долго, и кој

сега исчезнува, неусетно, во вревата од плоштадите и се губи во сплетот од тесни улички. Пробивајќи се меѓу луѓето, тој влегзе во Храмот, за да ја објави својата вистина. Сѐ она што подоцна ќе се случи: подмолното предавство, неправедната осуда, неиздржливите маки и конечната понижувачка смрт - ќе биде повторувано безброј пати во историјата. Истиот редослед на настаните, исти учесници, исти изговорени зборови! Она што се менува е местото и времето. Можеби, постои само еден човек кој се раѓа, љуби, страда и умира. Еден единствен човек! Човек за чие срце се борат ангелите и демоните, а бојното поле е неговата душа. Еден единствен човек кој бдее под крвавата месечина во ноќта што мириса на расплетена женска коса и расцутен багрем, кој ги гледа во далечината осветлените прозорци на својот дом каде нема никогашда се врати, кој паѓа под тешкиот крст во правта на патот, кој очаен во смртниот час, кога по телото ќе му избијат капки крв а под неговите нозе плаче неутешно жената која што ја љубел, извикува: *Татко, татко зошто ме остави*? Само еден осамен човек кој умира напуштен од Бога. Сѐ останато е само привид, сенки во ноќта, одрази во огледалата што се губат во бесконечноста.

Скитаме ли изгубени во темнината, во светската ноќ? Води ли овој пат по кој одиме кон светлината или паѓаме во мрачна бездна како во длабок сон без соништа?

Сепак, некој останува буден во темнината, пред утринската светлина да ги оживее билките, тревите и дрвјата, пред рибите, влекачите, ѕверовите, инсектите и птиците да ги населат водите, земјата и воздухот, пред да започнат да кружат околу него сонцето, месечината и ѕвездите. Во овој утрински час, кога сѐ е тивко и кога се заканува опасноста светот да исчезне, еден човек со раце извалкани од боја стои пред сликата на обновениот свет. Некој кој што може да ја раскаже оваа приказна. Неговото име е Матис Нитхарт Готхарт Гриневалд, Доменикос Теотокопулос Ел Греко, Вилјем Блејк, Франсиско Гоја, Владимир Георгиевски.

Приказната што ќе ви ја раскажам започнува во време кога времето сѐ уште не постоеше. На почетокот од деновите владееше темнината.

Емил Алексиев



*Владимир Георгиевски*
*“ЕССЕ НОМО”*
*Изложба на скулптури*
*Галерија ИКОНА, Охрид*
*Август 2000*

*Организатор: Галерија ИКОНА, Охрид*
*Издавач: Скенпоинт, Скопје*
*Текст: Емил Алексиев*
*Фото: Роберт Јанкуловски*
*Дизајн: Владимир Боројевиќ*
*Печат: Скенпоинт, Скопје*

*Благодарност за спонзорството на:*
*Skenpoint / Targetti - Ивано / Neocom / GrafikaPromet / Acoustic design / Euroasia/ Coding / Evrometal / Sigurnosno Staklo /*

***Посебна благодарност на Ансамб Пеце Атанасовски***

*Vladimir Georgievski*
*“ЕССЕ НОМО”*
*“ ICON ” Gallery, Ohrid, Republic of Macedonia*
*August 2000*

*Organized by: “ ICON” Gallery, Ohrid*
*Publisher: Skenpoint, Skopje*
*Text: Emil Aleksiev*
*Photo: Robert Jankulovski*
*Design: Vladimir Borojevic*
*Printed by: Skenpoint, Skopje*

*Sponsorships:*
*Skenpoint / Targetti - Ивано / Neocom / GrafikaPromet / Acoustic design / Euroasia/ Coding / Evrometal / Sigurnosno Staklo /*

***Special thanks to Pece Atanasovski Ansemble***



